Во член 81, на крајот на став 1 се додава нова реченица која гласи: „Доколку решението не се донесе во срок од еден месец од денот на настапувањето на основот, односно причината за престанок на службата, се смета оне да е донесено последниот ден од тој срок.“

Во истиот член, став 2 се изменува и гласи:

„При отказ, престанок на службата по правило настапува со денот на истекот на отказниот срок, доколку службеникот е на должност до крајот на овој срок. Во случај на разрешување од должност пред истекот на отказниот срок (став 5 и 6 од чл. 77) или по истекот на овој срок, престанокот настапува со денот на разрешувањето.“

Во истиот член, на крајот на став 3 се брише точката и се додаваат зборовите: „односно со денот кога што се смета да престанала службата.“

Становите 5 и 6 на истиот член се бришат.

Член 14

След член 81 се додава нов член 81 кој гласи:

„После престанокот на службата службеникот не може сам да ја напушти должноста но мора да биде надлежно разрешен.

Во случаи на престанок на службата од точка 1 на чл. 78 од овој Закон како ден на разрешувањето се смета денот на губитокот на државјанство или избирачкото право; во случај на престанок на службата по пресуда од редовен или дисциплински суд службеникот мора да биде разрешен штом пристигне обавестение за правосилноста на пресудата; во случај на престанок на службата поради отказ, службеникот се разрешува веднаш по истекот на отказниот срок доколку разрешувањето не е порано извршено во смисол на став 5 или 6 од член 77, а во останалите случаи од член 78 службеникот мора да биде разрешен најдоцна во срок од еден месец од денот кога на неговиот непосреден старешина му пристигнало обавестението за одлуката за престанокот на службата. Ако пак службеникот не е на должност и нема возможност да биде разрешен по редовен пат, како ден на неговото разрешување се смета денот кога на неговиот непосреден старешина му пристигне обавестение за престанокот на службата. Ако во срокот назначен во став 1 на чл. 81 не се донесе решение за престанок на службата, како ден на разрешување се смета последниот ден од тој срок.

По оправдани причини, нарочно кај службеници кои што предаваат благајни и инвентар, или полагаат сметки, старешината односно органот што го донел решението за престанок на службата може срокот за разрешување да го продолжи највеќе уште за еден месец.

Освен во случај од став 6 на чл. 77 на овој закон, службеникот има право на принадлежности до крајот на месецот во кој што е разрешен, или во кој што се смета да е разрешен, односно, во кој што умрел“.

Член 15

Овој закон влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен весник на Народна Република Македонија“.

Бр. 6 Скопје, 29 јануари 1949 година.

ПРЕТСЕДАТЕЛСТВО
НА ПРЕЗИДИУМОТ НА НАРОДНОТО СОБРАНИЕ
НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Секретар, Крсте Црвенковски, с. р.

Претседател Богоја Фотев с. р.

37

У К А З

На основа чл. 73 т. 4 од Уставот на Народна Република Македонија а во врска со чл. 5 т. 7 и чл. 7 од Законот за Президиумот на Народното собрание на НРМ, Претседателството на Президиумот на Народното собрание на НРМ го прогласува Законот за Универзитетот во Скопје што го донесе Народното собрание на НРМ на седницата од 26 јануари 1949 година, а кој што гласи:

З А К О Н

ЗА УНИВЕРЗИТЕТОТ ВО СКОПЈЕ

Член 1

Универзитетот во Скопје е највисока научно-воспитна установа на Народна Република Македонија.

Член 2

Основните задачи на Универзитетот се:

1. да изградува високо квалифицирани стручњаци од разните гранки на науката;

2. да врши научно истражувачка работа и да учествува во научното решавање на задачи од културната, стопанската и техничка изградба на земјата;

3. да ја изградува и развива напредната научна мисла; да ја одржава и развива научноста во наставата и теоретската работа; да ги популаризира научните анализи и постигнувања;

4. да врши општо воспитно влијание на студентите и да ја развија кај нив љубовта и однеста кон социјали-

југословенската татковина — Федеративна Народна Република Југославија;

5. да соработува во научната работа и да врши размена на научни искуства, изучни трудови и публикации со другите универзитети во Федеративна Народна Република Југославија и со иностраните универзитети, во прв ред со универзитетите на СССР и на земјите со народна демократија.

Член 3

Во составот на Универзитетот постоат: Филозофски факултет, Медицински факултет и Земјоделско — шумарски факултет.

Со уредба на Владата можат да се основаат и други факултети, како и поедини факултети да се соединуваат или укинуваат, односно издвојуваат од составот на Универзитетот во самостојни високи школи.

Член 4

Универзитетот и факултетот имаат својство на правно лице.

Член 5

Органите на Универзитетот се: Универзитетско собрание, Универзитетски совет и Ректор. Ректорот го избира Универзитетското собрание. Изборот на Ректорот го потврдува Претседателот на Владата.

Органи на факултетите се: факултетски совет и декан.

Член 6

Владата се овластува да донесува поблиски прописи за спроведувањето на овој закон и прописи за организацијата и работата на Универзитетот.

Член 7

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето му во „Службен весник на Народна Република Македонија".

У Бр. 5, Скопје 29 јануари 1949 година

ПРЕТСЕДАТЕЛСТВО
НА ПРЕЗИДИУМОТ НА НАРОДНОТО СОБРАНИЕ
НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

СЕКРЕТАР, Коте Јрвенковски, е. р.

ПРЕТСЕДАТЕЛ, Богоја Фотев, с. р.

38

Согласно чл. 10 ст. 2 од Законот за избор на одборници за народни одбори, се огласува Решението на Извршниот одбор на Градскиот Народен Одбор на гр. Титов Велес бр. 1 од 5-I-1949 год. за дополнителни избори за одборнички места во Пленумот на овој одбор за изборните единици: бр. 15 и бр. 26 Изборите ќе се одржат на 27-II-1949 г.

Од Извршниот одбор на Градскиот Народен одбор на гр. Титов Велес.

39

Врз основа чл. 8 и 10 од Законот за избори на одборници за народните одбори, Извршниот одбор на Градскиот народен одбор за гр. Прилеп, го донесува следното

РЕШЕНИЕ

за распишување на избори за пет изборнички места

Се распишуваат избори на 27-II-1949 година, за пет изборнички места на Градскиот народен одбор за гр. Прилеп, во изборните единици број 9, 10, 20, 21, и 36.

Од Извршниот одбор на Градскиот народен одбор — Прилеп

Содржина

Рег. бр.		Стр.
33	Закон за државниот буџет на Народна Република Македонија за 1949 година	39
34	Закон за државна завршна сметка на Народна Република Македонија за 1947 година	37
35	Закон за дополнителен буџет кон Републиканскиот буџет на Народна Република Македонија за 1948 г.	40
36	Закон за дополнение и изменение на Законот за државните службеници на Народна Република Македонија	40
37	Закон за Универзитетот во Скопје	[illegible]
38	Решение за дополнителни избори на 27 февруари 1949 год. за одборнички места во Пленумот на Градскиот народен одбор — Т. Велес	42
39	Решение за избори за пет одборнички места во Градскиот народен одбор — Прилеп	42

Издава и редактира „Службен весник на Народна Република Македонија" — новинско издателско претпријатие — Ул. Маршал Тито бр. 10 — Пошт. фах 51 Телефон на редакцијата и администрацијата 898. Директор и одговорен уредник Љубомир Б. Исаев. — Печати Печатница „Гоце Делчев", Скопје

Член 2

Подробната каналска мрежа се сите објекти сочинува хидротехничка и економска целина со основната каналска мрежа на мелиоративниот систем, така што заедно со неа претставува единствен систем за одводнување, наводнување, уредување на пороите и одбрана од поплави.

Под подробна каналска мрежа, во смисла на овој закон, се подразбираат хидротехничките, градежните и машинските објекти и уреди што се во функционална врска со основната каналска мрежа и служат за одводнување на одвишните површински и подземни води, како и за доведување на водите од основната каналска мрежа и за нејзината расподелба за наводнувањето.

Член 3

Работите на подробната каналска мрежа ќе се изведуваат по делови, така што секој дел претставува една целина и самостоен мелиоративен објект.

Работите на подробната каналска мрежа се изведуваат по одобрени пројекти.

Член 4

Работите на изградбата на подробната каналска мрежа ќе се ускладат со работите на изградбата на основната каналска мрежа, така што изграденот дел на основната каналска мрежа да отпочне да се користи во рок, кој не може да биде подолг од една година од денот на завршувањето изградбата на тој дел од основната каналска мрежа оспособена за потполно користење.

Член 5

Инвеститори за изградбата на подробната каналска мрежа се водните заедници, земјоделските стопанства и установите, земјоделските задруги и други стопански организации како и политичко-територијалните единици.

Член 6

Надзор над изведувањето на работите од член 1 на овој закон, покрај овластените органи, врши и органот на управата надлежен за работите на водостопанството на народниот одбор на околијата.

Член 7

Водните заедници и другите инвеститори од член 5 на овој закон се должни, за своето подрачје, да изготват инвестициона програма за подробната каналска мрежа во роковите што ќе ги одреди Извршниот совет.

Органот на управата надлежен за работите на водостопанството на народниот одбор на околијата врши надзор над извршувањето на обврските од претходниот став.

Доколку инвеститорот не ги извршува своевремено обврските од став 1 на овој член органот од претходниот став истите ќе ги изврши на сметка на инвеститорот.

Член 8

Изградбата на подробната каналска мрежа може да се врши преку заеми од инвестиционите фондови, со сопствени средства на инвеститорите и со дотација од политичко-територијалните единици.

Член 9

Доколку финансирањето на изградбата го врши политичко-територијалната единица, таа е должна потребните средства да ги обезбеди во својот општествен план.

Член 10

Средствата за изградба на мелиоративните работи за уредување на пороите во износ од 30 проценти во вкупната вредност на тие работи ги обезбедува Народна Република Македонија.

Член 11

Се овластува Извршниот совет, во смисла на член 11 став 4 од Законот за финансирање на мелиоративните работи во Народна Република Македонија, да ги определува обврските на стопанските организации во финансирањето на изградбата на подробната каналска мрежа.

Член 12

Одредбите на овој закон ќе се применуваат и на сите порано започнати објекти на подробната каналска мрежа на подрачјето на мелиоративните системи.

Член 13

Овој закон влегува во сила осмиот ден по неговото објавување во „Службен весник на НРМ".

106.

УКАЗ

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВАЊЕ ОДДЕЛИ НА ТЕХНИЧКИОТ И МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ ВО СКОПЈЕ

На основа член 71 точка 11 од Уставниот закон за основите на општественото и политичкото устројство и органите на власта на Народна Република Македонија се прогласува Законот за основање оддели на Техничкиот и Медицинскиот факултет на Универзитетот во Скопје, што Народното собрание на Народна Република Македонија го усвои на седницата на Републичкиот собор одржана на 19 јуни 1959 година.

У број 10
19 јуни 1959 година
Скопје

Потпретседател на Народното собрание, **Видое Смилевски**, с. р.

Претседател на Извршниот совет, **Љупчо Арсов**, с. р.

ЗАКОН

ЗА ОСНОВАЊЕ ОДДЕЛИ НА ТЕХНИЧКИОТ И МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ ВО СКОПЈЕ

Член 1

На Техничкиот факултет на Универзитетот во Скопје се основаат Технолошки оддел и Електромашински оддел.

Член 2

На Медицинскиот факултет на Универзитетот во Скопје се основа Стоматолошки оддел.

Член 3

Се овластува Извршниот совет да го одреди денот во кој ќе почнат со работа одделите основани со овој закон.

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден по неговото објавување во „Службен весник на НРМ.

107.

На основа член 20 став 3 и член 26 став 1 од Законот за органите на управата во Народна Република Македонија, во врска со член 168 од Општиот закон за школството, Советот за просвета на Народна Република Македонија, донесува

ПРАВИЛНИК
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ДИПЛОМСКИОТ ИСПИТ ВО СРЕДНИТЕ СТРУЧНИ ШКОЛИ

Член 1

Називот на Правилникот за дипломските испити во средните стручни школи („Службен весник на НРМ" бр. 6/56 и 19/57) се менува и гласи:

Правилник за завршниот испит во техничките и другите стручни училишта за стопанството и јавните служби.

Член 2

Член 20 од Правилникот за дипломскиот испит во средните стручни школи („Службен весник на НРМ" бр. 6/56 и бр. 19/57) се менува и гласи:

Завршниот испит се состои од писмен и усмен дел, а во земјоделските училишта, ветеринарното училиште, медицинското училиште за заботехничари, медицинското училиште за помошници аптекари и Школата за социјални работници и од практичен дел.

Член 3

Во член 22 се додава нова точка з) која гласи:

Во Школата за социјални работници

1) Македонски јазик
2) Социјална политика

Член 4

Во член 33 се додава нова точка з) која гласи:

Во Школата за социјални работници

1. Македонски јазик
2. Социјална политика
3. Социјална методика
4. Педагогика со дефектологија

Член 5

Овој правилник влегува во сила веднаш, и ќе се објави во „Службен весник на Народна Република Македонија".

Бр. 03—1645/7
5 јуни 1959 година
Скопје

Претседател
на Советот за просвета на НРМ,
Пенко Здравковски, с. р.

По извршеното сравнување со изворниот текст утврдено е дека во текстот на Законот за превоз во патниот сообраќај, објавен во „Службен весник на НРМ" бр. 19/59, се поткраднале долу наведените грешки, поради што се дава следната

ИСПРАВКА
НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕВОЗ ВО ПАТНИОТ СООБРАЌАЈ

1. Во членот 5 став последен во првиот ред по зборот „превоз" наместо „и" треба да стои „е".
2. Во членот 7 во последниот ред по зборот „закон" треба да стои зборот „не".
3. Во членот 17 став 5 во последниот ред наместо зборот „постројките" треба да стои „постојките".
4. Во членот 23 став 2 во првиот ред по зборот „времетраењето" наместо „и" треба да стои „на" и во став 3 во првиот ред пред зборот „наоѓа" наместо зборот „со" треба да стои „се".
5. Во членот 29 став 1 и 3 во првите редови наместо зборот „постројки" треба да стои „постојки".
6. Во членот 76 став 2 во четвртиот ред по зборот „да" наместо зборот „стои" треба да стои „стави".
7. Во членот 86 став последен во третиот ред по зборот „друго" наместо „одредено" треба да стои „одредишно".

Од Народното собрание на Народна Република Македонија, Скопје, 13 јуни 1959 година.

Огласен дел

КОНКУРСИ

ФАКУЛТЕТСКИОТ СОВЕТ НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ ВО СКОПЈЕ

распишува

КОНКУРС

I. За факултетски наставници по следните предмети:

— АНАТОМИЈА, за еден редовен, вонреден професор или доцент
— ФАРМАКОЛОГИЈА, за еден редовен, вонреден професор или доцент
— ЕПИДЕМИОЛОГИЈА, за еден редовен, вонреден професор или доцент
— ИНТЕРНА МЕДИЦИНА, за еден редовен професор.

II. За факултетски соработници — асистенти за следните предмети:

— АНАТОМИЈА, за четири асистента
— ФИЗИОЛОГИЈА, за двајца асистенти
— ХИСТОЛОГИЈА СО ЕМБРИОЛОГИЈА, за еден асистент
— ПАТОЛОШКА АНАТОМИЈА, за двајца асистенти
— ХИРУРГИЈА, за тројца асистенти
— СУДСКА МЕДИЦИНА, за тројца асистенти
— ПАТОФИЗИОЛОГИЈА, за двајца асистенти
— ПЕДИЈАТРИЈА, за еден асистент
— ЕПИДЕМИОЛОГИЈА, за еден асистент
— ДЕРМАТОВЕНЕРОЛОГИЈА, за еден асистент
— ОФТАЛМОЛОГИЈА, за еден асистент

Прилогбр. 8
Договори за закуп

Прилог бр. 9

Копија од Решението за исполнување на услови за почеток со работа на студиската програма, издадено од Министерството за образобание и наука на Република Северна Македонија

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

УП1 Бр.14-1177
17-07-2017 година
СКОПЈЕ

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), а во врска со член 104 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/13, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 145/15, 154/15, 30/16 и 127/16), министерството за образование и наука донесе

РЕШЕНИЕ

за почеток со работа на студиските програми од прв циклус на четиригодишни студии по Производно инженерство, Транспорт, механизација и логистика, Термичко инженерство, Хидраулично енергетско инженерство, Индустриско инженерство и менаџмент, Моторни возила, Енергетика и екологија, Мехатроника, Автоматизација и управивачки системи, Индустриски дизајн, Материјали, процеси и иновации на Машинскиот факултет при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиските програми од прв циклус четиригодишни студии по Производно инженерство, Транспорт механизација и логистика, Термичко инженерство, Хидраулично енергетско инженерство Индустриско инженерство и менаџмент, Моторни возила, Енергетика и екологија Мехатроника, Автоматизација и управивачки системи, Индустриски дизајн, Материјали процеси и иновации на Машинскиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

Образложение

Машинскиот факултет при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје, се обрати со барање под нивен бр. 08-645/15 од 17.06.2017 година до Министерството за образование и наука, (УП бр. 14-1177 од 14.06.2017 година), за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиските програми од прв циклус четиригодишни студии, акредитирани од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование: по Производно инженерство-Решение бр. 17-48/5 од 24.03.2017 година, Транспорт, механизација и логистика-Решение бр. 17-48/6 од 24.03.2017 година, Термичко инженерство -Решение бр. 17-48/7 од 24.03.2017 година, Хидраулично енергетско инженерство -Решение бр. 17-48/8 од 24.03.2017 година, Индустриско инженерство и менаџмент Решение бр. 17-48/9 од 24.03.2017 година, Моторни возила -Решение бр. 17-48/10 од 24.03.2017 година Енергетика и екологија -Решение бр. 17-48/11 од 24.03.2017 година, Мехатроника -Решение бр. 17-48/12 од 24.03.2017 година, Автоматизација и управивачки системи -Решение бр. 17-48/13 од 24.03.2017 година, Индустриски дизајн - Решение бр. 17-48/14 од 24.03.2017 година, Материјали, процеси и иновации -Решение бр. 17-48/15 од 24.03.2017 година.

Министерот за образование и наука, со Решение УП1 бр. 14-1177 од 06.07.2017 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиските програми од точка 1 на ова решение.

Комисијата на ден 07.07.2017 година, изврши увид и изготви Извештај УП1 бр. 14-1177 од 13.07.2017 година, каде е наведено дека за студиските програми од прв циклус на студии по Производно инженерство, Транспорт, механизација и логистика, Термичко инженерство Хидраулично енергетско инженерство, Индустриско инженерство и менаџмент, Моторни возила

Енергетика и екологија, Мехатроника, Автоматизација и управивачки системи, Индустриски дизајн, Материјали, процеси и иновации на Машинскиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, се исполнети условите за почеток со работа согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

МИНИСТЕР,
Рената Дескоска

Доставена до
- **Примач**
- **Архива**

изработил: Нухи Ајдини
контролирал: Снежана Трајковска
одобрил: Агим Рушити

Република Македонија
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"-СКОПЈЕ
МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ
СКОПЈЕ

	14. 08. 2012		
Орг. единица	број:	Прилог:	Вредност:
08	645/17		

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА
НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Одбор за акредитација и евалуација
на високото образование
Бр. 17-48/13
24.03. 2017 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и член 2 од Законот за високо образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 154/15, 30/2016), Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија, на својата 2. седница одржана на 03.03.2017 година, донесе

РЕШЕНИЕ

за акредитација на студиската програма „Индустриски дизајн" прв циклус студии на Машинскиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје

1. Се акредитира студиската програма **„Индустриски дизајн" прв циклус студии на Машинскиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје** согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативните и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Студиската програма од точка 1 на ова решение е во траење од четири години (осум семестри).

3. По завршените студии на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 240 ЕКТС и со звање: **Дипломиран инженер од областа на индустриски дизајн,** Научно - истражувачко подрачје: Техничко - технолошки науки, научно - истражувачко поле: 214, 203, 205, 207, 211, 213, 215, 218, 220, 225.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА
НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Образложение

Врз основа на донесената одлука на Наставно научен совет на Машинскиот факултет Скопје, прв циклус студиска програма „Индустриски дизајн", на 08.02.2017 година до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ достави предлог за прифаќање на елаборат за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ, на меѓуседница, формира стручна комисија за оценка на доставениот предлог и врз основа на оценката на доставениот елаборат и извештајот на стручната комисија, на својата седница 2. одржана на 03.03.2017 година, одлучи како диспозитивот на ова решение.

Република Македонија
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"-СКОПЈЕ
МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ
СКОПЈЕ

Примено:	10. 04. 2017		
Орг. Дин.	Број:	Прилог:	Вредност:
08	645/11		

Заменик претседател
на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование

Проф. д-р Александар Стојков

Прилог бр. 10

Матрица на студиската програма – табеларна и развиена матрица.

Студиска програма: ИНДУСТРИСКИ ДИЗАЈН (ИНД)

	Семестар I Предмети 5	Семестар II Предмети 5	Семестар III Предмети 5	Семестар IV Предмети 5	Семестар V Предмети 5	Семестар VI Предмети 5	Семестар VII Предмети 5	Семестар VIII Предмети 4
1	**Математика 1**	**Математика во 3D**	**Дизајнерски материјали**	**Основи на програмирање**	**Ергономија на производи**	**Процес на дизајнирање**	**Развој на нови производи**	**Истражување во дизајнот**
2								
3								
4								
5				M1				
6	M1	M1	M4	**Индустриски дизајн**				
7	**Механика 1**	**Јакост на материјалите**	**Механика 2**					
8					M4	M4	M4	M4
9					**Производи од пластика**	**Еко дизајн**	**Виртуелни модели и симулации**	**Анимација**
10								
11								
12	M2	M2	M2					
13	**Машински материјали 1**	**Цртање**	**Производни технологии**	M4				
14				**Прототипирање**				
15					M4	M4	M4	M4
16					**3D моделирање и визуелизација**	**Изборен** 1. Дизајн на ентериери 2. Дизајн на машини и апарати	**Изборен** 1. Дизајн на опрема за ентериери и екстериери 2. Дизајн на опаковки	**Изборен** 1. Дизајн на WEB страници 2. Дизајн на возила
17								
18	M2	M4	M2					
19	**Инженерска графика**	**CAD техники**	**Машински елементи**					
20				M4	M4	M4	M4	M4
21				**Графички дизајн**	**Анализа по методот на конечни елементи**	**Изборен** 1. Безбедносно инженерство 2. Вовед во одржлив развој 3. Компјутерско моделирање на алати	**Проект**	**Дипломска**
22								
23								
24		M2	M2					
25		**Претприемништво и мал бизнис**	**Електротехника**	M4	M4	M3	M5	
26	M2			**Градба на производите**	**Изборен** 1. Проектен менаџмент 2. Термички машини и уреди 3. Менаџмент на отпад 4. Автономни возила	**Изборен** 1. Адитивно производство 2. Сензори, актуатори и процесори	**Пракса**	
27	**Вовед во машинство**							
28								
29								
30	M2	M2	M2	M4	M3	M3	M5	M5

СТУДИСКА ПРОГРАМА: ИНДУСТРИСКИ ДИЗАЈН (ИНД)

Наставни предмети во I семестар

Р.б.	Модул	Наставни предмети	ECTS
1.	M1	Математика 1	6
2.	M2	Механика 1	6
3.	M2	Машински материјали 1	6
4.	M2	Инженерска графика	8
5.	M2	Вовед во машинство	4

Наставни предмети во II семестар

Р.б.	Модул	Наставни предмети	ECTS
6.	M1	Математика во 3D	6
7.	M2	Јакост на материјалите	6
8.	M4	Цртање	6
9.	M2	CAD техники	6
10.	M2	Претприемништво и мал бизнис	6

Наставни предмети во III семестар

Р.б.	Модул	Наставни предмети	ECTS
11.	M4	Дизајнерски материјали	6
12.	M2	Механика 2	6
13.	M2	Производни технологии	6
14.	M2	Машински елементи	6
15.	M2	Електротехника	6

Наставни предмети во IV семестар

Р.б.	Модул	Наставни предмети	ECTS
16.	M1	Основи на програмирање	5
17.	M4	Индустриски дизајн	8
18.	M4	Прототипирање	7
19.	M4	Графички дизајн	5
20.	M4	Градба на производите	5

Наставни предмети во V семестар

Р.б.	Модул	Наставни предмети	ECTS
21.	M4	Ергономија на производи	8
22.	M4	Производи од пластика	7
23.	M4	3D моделирање и визуелизација	5
24.	M4	Анализа по методот на конечни елементи	5
25.	M3	Изборен предмет (избор 1 од 4) Проектен менаџмент	5

		Термички машини и уреди Менаџмент на отпад Автономни возила	

Наставни предмети во VI семестар

Р.б.	Модул	Наставни предмети	ECTS
26.	M4	Процес на дизајнирање	8
27.	M4	Еко дизајн	7
28.	M4	Изборен предмет (избор 1 од 2) Дизајн на ентериери Дизајн на машини и апарати	5
29.	M3	Изборен предмет (избор 1 од 3) Безбедносно инженерство Вовед во одржлив развој Компјутерско моделирање на алати	5
30.	M3	Изборен предмет (избор 1 од 2) Адитивно производство Сензори, актуатори и процесори	5

Наставни предмети во VII семестар

Р.б.	Модул	Наставни предмети	ECTS
31.	M4	Развој на нови производи	8
32.	M4	Виртуелни модели и симулации	7
33.	M4	Изборен предмет (избор 1 од 2) Дизајн на опрема за ентериери и екстериери Дизајн на опаковки	5
34.	M5	Проект	5
35.	M5	Пракса	5

Наставни предмети во VIII семестар

Р.б.	Модул	Наставни предмети	ECTS
36.	M4	Истражување во дизајнот	8
37.	M4	Анимација	7
38.	M4	Изборен предмет (избор 1 од 2) Дизајн на WEB страници Дизајн на возила	5
39.	M5	Дипломска работа	10

Прилог бр. 11

Матрица – предмети/компетенции

https://bit.ly/30xHp7L

Прилог бр. 12

Наодите од анкетата, предложените акции за унапредување на состојбата и прегледот на степенот на реакција по однос на предлозите од индустријата

Преглед и анализа на спроведениот процес на реакредитација на студиската програма ИНДУСТРИСКИ ДИЗАЈН на I циклус на студии

Скопје, ноември 2021

I. Информации за компанијата и лицето која го пополнува прашалникот



Влезни податоци (2)

Потенцијали

- Дополнителни анализи можат да се направат во однос на секој од претходнонаведените аспекти – на пример, основните компетенции одделно кај мали, средни и големи фирми, одделно кај домашни и странски фирми, итн.
- Сепак, со овој сет на податоци, тоа не е препорачливо заради веројатната статистичка неиздржаност на добиените резултати предизвикана од малиот примерок (кога 78-те одговори ќе се поделат на 4-5 групи, бројот може да стане статистички незначаен)

II. Проценка на нивото на развиеност на основните вештини и компетенции

Основни компетенции (1)



- Оценка 8 и над 8 – техничко цртање, софтверски пакети*) и конструирање
- Оценка над 7,5 – производни процеси, машински елементи, механика, машински материјали, производни технологии и јакост

*) – За да се одбегнат евентуални забуни, целото име на компетенцијата во прашалникот е: Оспособеност за користење на софтверски пакети (MATLAB, Access, Excel,...)

Основни компетенции (2)

Споредба на добиената оценка и бројот на постоечки кредити на одбрани компетенции



- Овој слајд треба да се анализира многу внимателно – се споредуваат оценки и кредити, кои се во основа две различни работи.
- Сепак некои иницијални насоки можат да се добијат.

Основни компетенции – коментари (изворно)

- **Lean методологија** (концепт, алатки/методи)
- **Project management** da se vovede kako predmet
- **Конструкција на алати**, за бризгање пластика, обоен метал, анализа и технологија, конструкција на модели за лиење, КАМ пресметки и анализи.
- поголемо насочување кон процесите на **машинска обработка и заварување**
- Основни познавања од **електротехника, електроника, компјутерска техника и програмирање**.
- Познавање на **софтверски програми, програмирање на цнц машини**
- Индустриски менаџмент и познавање на активности за **планирање, поставување, управување и следливост на производствени процеси**
- Предизвиците кои ги наметнува индустријата, студентите да ги решаваат по пат на **инженерско размислување, најоптимално, ефикасно и со најмали трошоци**.
- Најголем број од инженерите што аплицираат за работа **имаат проблем со единици мерки од SI Sistemot!!!**
- Прашалникот е пополнет од аспект на потребите на МЕПСО како преносен систем оператор. Доколку прашалникот би го пополнил имајќи ги на ум потребите на факултетот во тој случај фокусот би бил на теоретските предмети.
- Најголем проблем со инжењерите дипломирани во Македонија е што критериумот на факултетите е многу низок, дипломираат луѓе што немаат ниту основни познавања од струката.
- Имајќи в предвид дека сум дел од компанија која се заниава со развој на совтверски решенија 80% од работите во оваа секција воопшто не се потребни.

III. Проценка на нивото на развиеност на напредните (специфични) вештини и компетенции

Напредни компетенции ИНД

Напредни компетенции за ИНД – коментари (изворно)

- креативно поле со техничка подготвеност

IV. Проценка на нивото на развиеност на генеричките (трансверзални) вештини и компетенции

Генерички компетенции (1)



- Трите најценети генерички компетенции се: тимска работа, флексибилност и управување со време
- Двете, според анкетираните, најмалку важни генерички компетенции се презентацијата и односите со клиентите

Генерички компетенции (2)

- Тие се релативно запоставени во нашите студиски програми
- Истражувањето покажува дека генеричките компетенции имаат **исклучително големи оценки – од 8,28 до 9,31** на скалата од 1 до 10 (од основните и напредните компетенции, само основните комптенции техничко цртање и софтверски пакети имаат оценка поголема од 8)
- Се очекуваше дека презентацијата, како генеричка компетенција ќе добие повисоки оценки. Поинаквите резултати од очекуваните може да се должат на крутото разбирање на презентацијата во форма на PowerPoint-презентација
- Некои од овие компетенции (на пример, флексибилност или управување со време или односи со клиентите), тешко се инкорпорираат во постоечки предмети и честопати се изучуваат преку специјализирани предмети или обуки). За разлика од нив, некои од нив, (на пример, презентацијата или тимската работа) можат многу полесно да бидат интегрирани во студиските програми

V. Проценка на уделот на гореспоменатите три видови компетенции

VI. Практична работа

Пракса (2)

- Доминира интересот за летна пракса, а спроведување на праксата за време на викенд е најмалку посакуван начин

Пракса - коментари

- Праксата е клучен елемент за креирање на успешен работен профил. **Генерални насоки: 20% формално образование, 80% практично образование** (идеално во различни индустрии, или во една индустрија во повеќе оддели за да се добие холистички пристап на работењето на една организација).
- Деновите минимум 30,60,90 се на годишно ниво. Во овие денови кога ќе бидат на пракса може **да изведуваат проекти, елаборати, дипломски и други активности** кои ќе им олеснат и ќе ги заинтересираат за побрзо да завршат и оспособат
- За да се постигне што поголем ефект при изведување на практичната настава во компаниите, мислам дека најдобро би било **студентите да доаѓаат со веќе изготвена програма** во која ќе бидат точно наведени целите и задачите кои треба да ги исполнат студентите, со што би се избегнал ефектот на "бесцелно лутање" на студентите во компаниите. Во однос на тие програми компаниите може претходно да се произнесат што од таа програма можат да реализираат, со што и самите студентите би имале увид, а оние најпосветените сакајќи да остварат што повеќе би избрале и повеќе компании со цел целосно исполнување на предвидената програма.
- Бројот на денови на изведување на праксата не е најсуштински. Начинот на кој е организирана и поддржана од предметниот професор/асистент во соработка со менторот е од суштинско значење. Најцелисходна изведба на практичниот дел по наше мислење би било кога **праксата би се изведувала паралелно со наставата** така што теоретските содржини истовремено се поткрепуваат со практичното осознавање. Без тесна соработка со образовниот кадар за актуелните наставни содржини, менторот не може да го даде надоброто за студентот.
- Со оглед на самата компанија која зафаќа повеќе индустрии така да праксата во овој дел е најбитните елементи за развиток на еден машински инженере кој би бил дел од алатница за производство на различни типови на алати.
- **Вратете го стариот начин на студирање** со старата програма бидејќи **квалитетот** на машинските инжинери **не е на задоволително ниво**
- Најголем проблем со инжењерите дипломирани во Македонија е што **критериумот на факултетите е многу низок**, дипломираат луѓе што немаат ниту основни познавања од струката.
  Не е проблем наставната програма - и покрај тоа што истата сигурно може да се подобри.
  Проблем е што универзитетите добиваат онолку пари од МОН, колку што студенти имаат, и со тоа се стимулираат да испорачуваат неупотребливи дипломи, наместо квалитет. Во нашата фирма има дипломирани инжењери коишто е (потпросечни!) работници на производна лента и немаат ниту минимум квалификација за да работат инжењерска работа.

Дискусија (1)

Аспект	Постоечка состојба	Предложено во прашалникот	Размисли за идни акции	Преглед на реализираното
За основните компетенции				
1. Удел на „јадрото“	53%	**35% (51%)**	Јадрото би требало да биде околу 50% т.е. 4 семестри	↗ Јадрото е 50% т.е. 4 семестри
2. Зајакнување на компетенциите поврзани со техничкото цртање	Во предметот инженерска графика се опфатени и нацртната геометрија и техничкото цртање	Имаат **највисока оценка**	Одделување на нацртната геометрија и техничкото цртање	↗ Зголемен број на кредити и часови по предметот техничко цртање
3. Компетенции поврзани со „софтверските пакети“ (Способеност за користење на софтверски пакети (MATLAB, Access, Excel,...))	Експлицитно **нема таков предмет** Постоечките градиво во јадрото се користат софтверски пакети (со околу 5% одделен број на кредити), покриваат други области (инженерска графика, CAD техника, ...)	Имаат **втора највисока оценка**	Воведување на посебен предмет кој ќе ја третира оваа компетенција	↗ Воведен е посебен предмет кој ќе ја третира оваа компетенција
4. Компетенции поврзани со други области – владеење на SI системот	**Нема интегриран третман** на темата во склоп на некој предмет. Темата се третита парцијално	**Непознавање** на овој основен систем	Алоцирање на оваа компетенција во некој од предметите од „јадрото“	↗ Алоцирање на оваа компетенција во новиот предмет – воведе во машинство

Легенда: ↗ реализирано, ➔ делумно реализирано и ↘ нереализирано

Дискусија (2)

Аспект	Постоечка состојба	Предложено во прашалникот	Размисли за идни акции	Преглед на реализираното
5. Компетенции поврзани со други области	Дел од предложените компетенции се **веќе интегрирани во „јадрото'**	**Поединечни сугестии** за: a. Lean менаџмент, b. проектен менаџмент, c. конструкција на алати, d. машинска обработка и заварување, e. електротехника, електроника, компјутерска техника и програмирање, f. програмирање на CNC машини, g. планирање и управување на процесите	Со оглед дека се работи за поединечни предлози, тие треба повнимателно да се третираат, споредено со претходните аспекти	➔ Делумно се интегрирани некои од предложените компетенции (електротехника, електроника, програмирање и сл.)

Легенда: ↗ реализирано, ➔ делумно реализирано и ↘ нереализирано

Дискусија (3)

Аспект	Постоечка состојба	Предложено во прашалникот	Размисли за идни акции	Преглед на реализираното
За генеричките компетенции				
6. Интеграција на генеричките компетенции во студиските програми	Генеричките компетенции **се третираат стихијно** и главно по иницијатива на професорот	a. сите имаат **оценки над 8** и b. се предлага скоро рамноправно учество во однос на основните и напредните компетенции	Интегрирање на одредени генерички компетенции во студиските програми, преку: a. посебни предмети **b. внатре во предметите** Во таа насока се препорачува и примена на **матрицата предмети/компетенции** за следење на покриеноста на сите компетенции, вклучително и генеричките	↗ Генеричките компетенции се воведени во склоп на предметите. Креирани се матриците предмети/компетенции
За праксата				
7. Денови пракса	15 + 30	41 ден во просек по година или **вкупно 123 дена**	Зголемување на бројот на денови пракса	→ На крајот, сепак е проценето дека бројот на денови за пракса е доволен
8. Начин на спроведување на праксата	1 ден неделно + летна пракса	Летна пракса	Спроведување на (некои) пракси во летниот период	→ Останува простор за доосмислување на летната пракса

Легенда: ↗ реализирано, → делумно реализирано и ↘ нереализирано

Заклучоци за процесот на реакредитација

- Направени се максимални напори за успешно реализирање на процесот на реакредитација на студиските програми за I циклус (додипломски студии).
- За тоа сведочат неколку особености кои го окарактеризираа процесот:
  - За прв пат е спроведен анкетен прашалник на ниво на МФС. Притоа се прибрани многу корисни информации кои се во голема мерка инкорпорирани во новите студиски програми
  - За прв пат е спроведен пристапот „од горе надолу“
  - За прв пат се креирани матрици предмети/компетенции кои придонесуваат дипломираните студенти да се стекнат со релевантни компетенции
  - За прв пат се третирани генеричките компетенции како значаен дел од севкупните компетенции на идните дипломирани машински инженери
  - ...

Прилог бр. 13

Список на предмети од усогласени студиски програми

Репер програма од светски универзитет за ИНД

University:
Georgia Institute of Technology - College of Design
Country:
USA
Link to website: https://id.gatech.edu/academics/bsid

COURSES
I sem
Industrial Design Fundamentals 1
Intro to Industrial Design 1
Intro to Graphic Communications 1
Intro to Sketching & Modeling 1
History of Modern Industrial Design
English Composition 1
Differential Calculus
Social Science Elective
II sem
Industrial Design Fundamentals 2
Intro to Industrial Design 2
Intro to Graphic Communications 2
Intro to Sketching & Modeling 2
Introduction to Media Computation
English Composition 2
Integral Calculus
Health & Wellness
III sem
Industrial Design Studio 1
Digital Design Methods
User-Centered Design Methods
Liniar Algebra
Physics 1
IV sem
Industrial Design Studio 2
3D Modeling
Human factors in design
Intro to smart products
Art History II
Lab Science

V sem
Junior Design Studio 1
Materials/Processes I
Design Methods
Industrial Design Elective
Industrial Design Elective
Social Science Elective
VI sem
Junior Design Studio 2
Materials/Processes II
Culture of Objects
Industrial Design Elective
Free Elective
VII sem
Senior Design Studio 1
Industrial Design Elective
Social Science Elective
Free Elective
Free Elective
VIII sem
Senior Design Studio 2
Industrial Design Elective
Free Elective
Humanities Elective
Social Science Elective

University:
Kaunas University of Technology, Industrial Design Engineering
Country:
Lithuania
Link to website: https://admissions.ktu.edu/programme/b-industrial-design-engineering/

COURSES
I sem
Engineering Graphics
Information Technologies for Engineers
Introduction to Speciality
Mathematics 1
Electives of Philosophy and Sustainable Development
    Media Philosophy
    Sustainable Development
II sem
Engineering Mechanics
Mathematics 2
Physics 1
Foreign Language Electives (Level C1)
    Academic and Technical Communication in English (Level C1)
    French Language (Level C1)
    German Language (Level C1)
    Russian Language (Level C1)
Other Field Subjects – Design Field Subjects
    Fundamentals of Design
III sem
Basics of 3D Design
Theory of Probability and Statistics
Other Field Subjects – Design Field Subjects
    Bionics and Design
    Methods of Prototyping
    Sketch
IV sem
Applied Materials Science
Fundamentals of Electrotechnic and Electronic
Fundamentals of Mechanical Systems Design
Human Safety
Other Field Subjects – Design Field Subjects
    Product Design
V sem
Computer-Aided Design
Engineering Analysis and Optimal Design
Engineering Technologies 2

Semester Project
Other Field Subjects – Design Field Subjects
Three-Dimensional Visualisation and Animation

VI sem

Product Development Project
Technical Creativity and Intellectual Property
Other Field Subjects – Design Field Subjects
Culture of Modern Design
Ergonomics and Human Factors
Product Design

VII sem

Project Management
Optional Subjects 2021
Other Field Subjects – Design Field Subjects
Design Workshop
Project of Product Design
Three-dimentional Animation

VIII sem

Bachelor‘s Degree Final Project
Professional Internship

University:
Polytechnic University of Valencia
Country:
Spain
Link to website: http://www.upv.es/titulaciones/GIDIDP/menu_1012936i.html

COURSES

Basic Training

Artistic Drawing
Business Administration
Computer Science
Mathematics I
Mathematics II
Physics
Technical Drawing I
Technical Drawing II

Compulsory

Aesthetics and History of Design
Basic Design and Creativity
Computer Aided Design
Conceptual Design
Containers and Packaging

Design Methodology
Design Workshop I
Design Workshop II
Design workshop III
Electrical and Electronical Technology
Ergonomics
Graphic Design and Communication
Industrial Processes
Marketing and legal aspects
Materials
Mechanics and Theory of Mechanisms
Project Development and Execution
Strength of Materials
Workshop on Prototypes and Models

Elective
Academic and professional Italian A1
Academic and professional Italian A2
Academic Writing Skills for Final Degree Projects
Advanced Conceptual Design for Industrial Product Development
Advanced Detailed Design for Industrial Product Development
Advanced Product Development for Leisure and Habitat
ADVANCED MATHEMATICS
Advanced physics
Academic and professional German A1
Academic and professional German A2
Academic and professional German B1
Academic and professional German B2
Bachelor's Degree Final Project
Business Start-Up and Management
Inglés de especialidad
Ceramic Processes
Chemistry
Colour and Design
Computer Software for Design and Manufacturing I
Computer Software for Design and Manufacturing II
Computer-Aided Design of Mechanical Systems
Computer-aided manufacturing
Computer-aided project management
Design for Leisure and Habitat
Design of chemical products
Exhibition Design
Design of Products for Collective Use
Design of Street Furniture
Design Quality I

Design quality II
Detailed Design of Street Furniture
Modelling for Digital Fabrication
European Project Semester (EPS)
Exchange
Film Music
Francés académico y profesional A1
Academic and professional French B1
Francés académico y profesional B2
French for academic and professional purposes - A2
Graphic Analysis and Presentation of Industrial Products
Graphic Communication and Corporate Identity I
Graphic communication and corporate identity II
History of Science and Technology
Integración de la electrónica en el diseño de productos
Intercambio I
Intercambio II
Intercambio III
Intercambio IV
Intercambio V
Intercambio VI
Industrial Design Engineering: An introduction to the profession
Lighting
Management Training
Communication of new products for leisure and habitat
Photography
Prevention and Safety in the Design and Marketing Industry
Prevention Methodology in the Design and Marketing Industry
Prevention Methodology in the mechanical sector
Science and colour vision
Scientific and Technical French - A2
Scientific and Technical French - B1
Strategic Design
Sustainable Development and Environmental Ethics
TECHNICAL ENGLISH
University cooperation for the development
Valencià tècnic - C1
Valencià tècnic - C2
Virtual Product Design and Evaluation
Virtual prototyping and 3D product modelling
Desarrollo Web